- Звезди и филм







ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# Млади уметници од Македонија и од регионот со заедничка изложба во Мала станица

НУ Музеј на современата уметност ќе го отвори XI Биенале на млади уметници, во изложбениот простор на Мала станица, при Националната галерија на Македонија, на 8 мај 2015, во 20 часот.




Биеналето на млади оваа година е без водечка тема, со апстракт прилагоден на меѓународниот карактер на истото. Без наметнување на кураторски концепт, целта е да се претстави објективната слика концентрирана врз ликовната сцена на младите автори во изминатите две години.

Учество ќе земат 14 македонски уметници и 7 уметници-гости од странство (Хрватска, Србија, Грција, Белорусија, Грузија, Германија, Босна и Херцеговина), пред сè, млади уметници кои се изразуваат во различни медиуми.

За домашните автори селекцијата е направена преку соработка со професорите на Факултетот на ликовни уметници со увид во досегашното творештво и изложбите на младите автори во Македонија. Младите автори од регионот се селектирани во соработка со реномирани индивидуалци и сродни институции од соседните држави и пошироко.

Учесници на Биеналето од Македонија се Ана Јовановска, Ана Ивановска, Маја Кировска, Неда Фирфова, Горан Менков, Иван Ивановски, Илија Прокопиев, Анастасија Величковска, Зорица Зафировска, Кристина Божурска, Дарко Алексовски, Кристина Пулејкова, Инес Ефремова и Амир Карахасан.

Селектори на изложените дела на уметниците од странство се Нада Берош, кустос советник и раководител на одделот за едукација, Хрватска, Музеј на современа уметност Загреб; Небојша Миленковиќ, виш кустос во збирката за концептуална уметност, Србија, Музеј на современа уметност Војводина; Жана Вукичевиќ, кустос, Музеј на современа уметност на Република Српска-Бања Лука, Босна и Херцеговина; Тули Мисирлоглу, кустос во одделот за изложби и колекции, Македонски музеј на современа уметност-Солун, Грција; Ана Битервулф, Асистент на директорот, Галерија Национален музеј на модерната уметност, фотографија и архитектура Берлин, Германија; и проф. д-р Лела Тсичуашвили, кустос советник, раководител во одделот за привремени изложби, Грузиски Национален Музеј, Тбилиси, Грузија.

Уметници-гости од странство се Данило Прњат (Србија), Лука Хрговиќ (Хрватска), Јумана Мана (Германија), Мила Паниќ (Босна и Херцеговина), Вактанг Тато Акалкатсишвили (Грузија), Снежана Бартенева (Белорусија) и Зое Гиабулдаки (Грција).

MKD.mk
Like 100,472

Recommend 35 Tweet +1 0

## Сподели

Share 35 Tweet 0

## Ликовна уметност

[Сликарот Јован Балов е Европска личност на РМ за...]
[Облеката како средство за комуникација и начин да...]
[Во галеријата МКД во Љубљана поставена е...]
[Значајни германски автори ќе бидат изложени по...]
[Мултидисциплинарен ликовен зафат кој ја...]
[Неоткриеното полско уметничко богатство во...]

## Објавено на

07 Мај 2015 - 18:26


Add a comment...
Also post on Facebook
Posting as **Ana Ivanovska** ▾ Comment
Facebook social plugin

## Поврзани содржини


Босански уметници сакаат поранешната Титова атомска скривница да ја претворат во музеј (ФОТО)

Почина бардот на современата македонска скулптура Петар Хаџи Бошков

Кураторката на македонскиот павилјон на годинашното Биенале во Венеција има презентација во Скопје

Откупените дела на конкурсот за визуелни уметности ќе можат да се видат во галеријата Чифте амам

Повеќе